Здружението за застапување, спроведување и поддршка на решенија со кои луѓето ќе бидат подобро поврзани со природата НАТУРА МК Скопје за потребите на проектот „***Поддршка за креирање на одржливи финансиски модели за заштитените подрачја***“, кој е во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан", имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42, а е финансиски поддржан од Европската унија.“ на 17.10.2025 објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

За ангажирање на два (2) консултанти за изработка на анализа за потребите и можностите за финансирање на заштитените подрачја.

1. **Општи информации за проектот**

Проектот “***Поддршка за креирање на одржливи финансиски модели за заштитените подрачја***” (во понатамошниот текст Проектот) е акција која ќе се спроведува во период од осум месеци односно од 1 август до 31 март. Општа цел на Проектот е поддршка на заштитените подрачја за воспоставување на модели за одржливо финансирање на заштитата на природата и биолошката разновидност, во согласност со националните политики и меѓународните обврски преземени од земјата.

Кон постигнување на општата цел ќе придонесат две краткорочни цели:

1. Обезбедена поддршка од релевантни засегнати страни (државни институции, управители на заштитени подрачја, локални заедници и граѓански организации) за спроведување на предложениот модел за одржливо финансирање;
2. Подигнато ниво на информираност на јавноста и институциите за потребите од финансирање на заштитените подрачја.

За остварување на целите на Проектот ќе се реализираат повеќе активности групирани во четири компоненти: Истражување на моменталната состојба со финансирање на заштитените подрачја (А.1); Изработка на анализа на потреби и можности за финансирање на заштитените подрачја и подготовка на предлог-модел (А.2); Презентација на анализата и предлог-моделот на јавен настан (А.3); Спроведување на кампања за информирање и застапување (А.4).

Со реализација на овие активности, преку оваа акција ќе се обезбедат релевантни податоци и препораки како основа за системски реформи во финансирањето на заштитените подрачја. Ова ќе придонесе кон долгорочна финансиска стабилност, подобро управување со природните богатства, исполнување на законските и меѓународните обврски, како и кон унапредување на одржливиот економски развој и заштита на биолошката разновидност.

## 2. Опис на ангажманот

Во рамки на активноста А.2. ќе се изработи **анализа на потребите и можностите за финансирање на заштитените подрачја во Република Северна Македонија**. За таа цел ќе бидат ангажирани двајца консултанти кои, во координација со проектниот тим, ќе ја утврдат постојната состојба, предизвиците и потенцијалните решенија за обезбедување стабилни извори на финансирање. Анализата ќе се базира на длабински интервјуа со релевантни чинители (управители на различни категории заштитени подрачја, МЖСПП, локална самоуправа и донатори), како и на преглед на добри практики од регионот и ЕУ.

Како резултат, ќе бидат предложени најмалку три модели за одржливо финансирање, кои ќе бидат разгледани и дискутирани со засегнатите страни преку четири регионални работилници. Финалната анализа, со вклучени препораки и кратко резиме на клучните наоди, ќе биде дискутирана на јавен настан со цел застапување пред релевантните институции и донесувачите на одлуки. Ангажираните консултанти се должни да обезбедат поддршка на проектниот координатор и да бидат вклучени во сите фази на истражувањето.

### 2.1. Ангажирање на еден (1) консултант за истражување (А.2)

Овој експерт ќе биде задолжен за изработка на анализа на потребите и можностите за финансирање на заштитените подрачја, базирана на податоците собрани во претходната активност (А.1). Консултантот ќе подготви прашалник и ќе води најмалку 10 длабински интервјуа со релевантни чинители, вклучувајќи управители и вработени во заштитените подрачја, претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), локалната самоуправа и донатори. Дополнително, ќе обезбеди поддршка на проектниот координатор и ќе биде вклучен во сите фази на истражувањето.

**Работни задачи:**

- Подготовка на методологија, прашалници и спроведување на најмалку 10 длабински интервјуа со засегнати страни.
- Подготовка на нацрт-наоди за потребите и предизвиците во финансирањето на заштитените подрачја.
- Поддршка во подготовката и верификацијата на анализата на податоците.
- Учествување и водење на работилници и презентација на наодите на завршниот настан.

**Профил:**

- Експерт со искуство во областа на заштита на животната средина, управување со природни богатства или сродни области.
- Практично искуство во спроведување истражувања и длабински интервјуа со засегнати страни.
- Добро познавање на институционалната и правната рамка за управување со заштитени подрачја во Северна Македонија.
- Одлични аналитички и комуникациски вештини.

**Потребни квалификации:**

- Најмалку 3 години професионално работно искуство.
- Познавање на методи за собирање и обработка на податоци.
- Докажано искуство во подготовка на анализи, истражувања или извештаи.
- Искуство во работа со државни институции, управители на заштитени подрачја и/или граѓански организации.

**Буџет и времетраење:**

Бруто износот е **96.000 денари** за **8 експертски денови** и ги покрива сите активности на консултантот, вклучувајќи подготовка на анализата, извршување интервјуа, учество и водење на работилниците, како и учество на завршниот настан. Ангажманот на консултантот за истражување ќе биде распределен во период од 01 ноември до 31 март 2026 година.

**2.2. Ангажирање на еден (1) консултант за подготовка на предлог модел (А.2)**

Поради комплексноста и обемноста на проектните активности, потребно е вклучување на водечки експерт кој ќе има клучна улога во изработката на анализата и посебно во подготовката и дефинирањето на конкретни предлог модели за одржливо финансирање на заштитените подрачја.

**Работни задачи:**

- Поддршка на тимот во изработка и усогласување на анализа на финансиските потреби на заштитените подрачја.
- Истражување и обработка на добри практики за финансирање од регионот и ЕУ.
- Подготовка и дефинирање на најмалку три предлог-модели за одржливо финансирање и формулирање препораки за подобрување на системот.
- Учествување на регионални работилници за презентација и дискусија на предлог-моделите.
- Поддршка при подготовка на завршен документ, резиме со клучни наоди и препораки, и презентација на завршниот настан.

**Профил:**

- Експерт со докажано искуство во анализа на податоци и формирање на финансиско-управувачки модели.
- Разбирање на различни механизми за финансирање и одржливост.
- Познавање на европски и регионални практики за финансирање на заштитени подрачја ќе се смета за предност.
- Способност да развива стратешки препораки и применливи решенија.

**Потребни квалификации:**

- Најмалку 5 години професионално работно искуство.
- Докажано искуство во анализа на податоци, стратегии или политики.

- Искуство во работа со институции, донатори и/или приватен сектор во делот на развој на финансиски механизми.
- Познавање на добри практики од регионот и Европската Унија ќе се смета за значајна предност.
- Одлични комуникациски и презентациски вештини.
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик (пишување и говорење).

**Буџет и времетраење:**

Бруто износот е **120.000 денари** за **10 експертски денови** и го покрива ангажманот на консултантот кој ќе има водечка улога во работењето на тимот и ќе предложи најдобри можни решенија за одржливо финансирање. Ангажманот на консултантот за истражување ќе биде распределен во период од 01 ноември до 31 март 2026 година.

## 3. Начин и рок на аплицирање

Понудите се доставуваат електронски на е-маил адресата nature.financing@naturamk.org најдоцна до 24.10.2025 година во 16 часот, а насловот на пораката треба да биде:

- „Понуда – Консултант за истражување (А.2)“ или
- „Понуда – Консултант за подготовка на предлог модел (А.2)“.

Секој понудувач мора точно да наведе за која позиција аплицира. Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид.

Натура МК ќе ги извести сите кандидати за исходот од евалуацијата.

## 4. Финансиска понуда

Во рамки на пријавата, понудувачот треба да достави пополнета финансиска понуда (Прилог 1) во која ќе биде наведена единечна вредност на дневница и вкупна сума за целокупниот ангажман.

Финансиската понуда не смее да надмине:

- **96.000 денари бруто** за позицијата „Консултант за истражување (А.2)“ за максимум 8 експертски денови.
- **120.000 денари бруто** за позицијата „Консултант за подготовка на предлог модел (А.2)“ за максимум 10 експертски денови.

## 5. Елементи на понудата

За да се пријави на повикот, понудувачот треба да достави:

- Финансиска понуда според образецот даден во Прилог 1.
- Кратка професионална биографија (CV).
- Најмалку 2 релевантни документи (анализа, истражување, стратегија, модел за финансирање, политика или сличен труд) кои го демонстрираат претходното искуство.

## 6. Критериуми и начин на избор на најповолна понуда

Сите навремени, потполни и уредни пријави ќе бидат разгледани и оценувани според следните критериуми:

| **Квалитет на понудата** | |
|---|---|
| - Претходно релевантно работно искуство | **40 поени** |
| - Релевантност на доставените претходни документи | **40 поени** |
| **Финансиска понуда** | **20 поени** |
| **Вкупно** | **100 поени** |

Со кандидатот кој ќе добие најмногу поени ќе биде склучен договор во кој ќе бидат подетално утврдени меѓусебните права и обврски.

## 7. Појаснување на повикот

Доколку се потребни дополнителни информации во врска со овој повик, заинтересираните кандидати можат да се обратат на nature.financing@naturamk.org најдоцна до 22.10.2025 година.

# ПРИЛОГ 1 – ФИНАНСИСКА ПОНУДА

1. Назив на понудувачот:
2. Адреса на понудувачот:
3. Телефонски број:
4. E-mail адреса:

5. Обележете за која позиција се однесува понудата:

☐ Понуда – Консултант за истражување (А.2)

☐ Понуда – Консултант за подготовка на предлог модел (А.2)

Согласен/на сум да ја дадам оваа понуда согласно предметот на набавка и условите наведени во барањето за понуди.

Со поднесување на оваа понуда целосно ги прифаќам условите во објавениот повик за набавка.

| **Работна задача** | **Единечна цена на дневница** | **Број на денови** | **Бруто цена во денари** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Вкупно: ________________

Со поднесување на оваа понуда целосно ги прифаќам условите во објавениот повик за набавка.

**Подносител** **Датум и место**

_________________________ _________________________